Анкета за

# Граѓанското учество

на граѓаните на Република Македонија

Септември 2016

Скопје

I. Вовед ... 3

II. Граѓанско учество ... 5
Клучни наоди ... 5
Граѓанско учество ... 6

III. Влијание врз донесувањето одлуки ... 10
Клучни наоди ... 10
Влијание врз донесувањето одлуки ... 11
Важноста на влијанието врз донесувањето одлуки ... 12
Одговорност за подобрување на општеството ... 13
Гласање на избори ... 14
Ефективност на механизмите за влијание врз донесувањето одлуки ... 17

IV. Волонтерство ... 18
Клучни наоди ... 18
Волонтерство ... 18

V. Припадност ... 22
Клучни наоди ... 22
Задоволство од локалната средина ... 24
Чувство на припадност на заедницата ... 27
Здружување во заедницата ... 29
Доверба во заедницата ... 31

Анекс I. Протокол и примерок ... 34

# I. Вовед

Граѓанското учество како концепт е суштинска компонента на едно здраво демократско општество и научната литература што се занимава со демократските процеси го препознава значењето на граѓанското учество во градењето и во одржувањето активно и вклучено граѓанство. Со оглед на тоа што постојат многубројни истражувања што ги препознаваат позитивните ставови кон граѓанското учество како показатели за реалното учество на граѓаните во своите заедници, оваа студија има за цел да даде соодветна слика за ставовите на граѓаните кон граѓанското учество и со тоа за распространетоста на граѓанското учество во Македонија.

За потребите на оваа студија, граѓанското учество го дефинираме како вклученост на приватен субјект во јавната сфера со цел да се постигне некаква промена во заедниците, т.е., да се промовира подобрувањето на квалитетот на животот во заедницата преку политички и неполитички процеси (Erlich, 2000[1]). Наспроти оваа опсежна дефиниција, постојат многу потесни разбирања на концептот граѓанско учество, кои најчесто се користат за поедноставување кога се прават големи студии[2] или, пак, кога граѓанското учество се испитува преку меѓународни анкети за да овозможи споредбена анализа. Пример за ова е индексот за граѓанско учество на „Галуп" со кој се прави интернационална ранг-листа[3] во која граѓанското учество се мери според тоа колку е веројатно граѓаните да одвојат од своето време или финансии за помош на други. Конкретно, во оваа анализа „Галуп" користи само три варијабли: донирање пари за добротворни цели, волонтерска работа во слободно време во некоја организација и давење помош на непознат човек. Според овие параметри и преку анализа на податоци собрани во 2009 година, Македонија котира ниско на ранг-листата за граѓанско учество (106. место од 130 држави вклучени во анкетата): 26% донирале пари, 7%  волонтирале време и една третина, или 33% му помогнале на непознат човек, што е многу под светскиот просек.[4]
Иако оваа анализа е корисна за да се направат споредби меѓу државите, таа разгледува само еден мал дел од тоа што го подразбира научната литература под граѓанско учество. Со цел да дадеме што поширока слика за состојбата со граѓанското учество во Македонија, нашата анализа разгледува неколку различни компоненти на граѓанското учество (покрај традиционалните, кои се споменати погоре) врз кои го создадовме прашалникот за анкетата и кои ги користиме за структурирање на овој извештај и за известување за резултатите.
Овој извештај е поделен во четири главни дела и тоа: граѓанско учество, влијание врз донесувањето одлуки, волонтерство и припадност.

---

[1] *Civic Responsibility and Higher Education*, edited by Thomas Ehrlich, published by Oryx Press, 2000

[2] За цел методолошка операционализација на граѓанското учество

[3] Методологијата и ранг-листата се достапни на: http://www.gallup.com/poll/145589/civic -engagement-highest-developed-countries.aspx#1

[4] За споредба, во САД (која котира највисоко на ранг-листата, 65% донирале пари, 43% волонтирале и 73% му помогнале на непознат човек

Во првиот дел, **граѓанско учество**, го разгледуваме граѓанското учество исклучително во рамки на релацијата граѓани – власт, па правиме разлика меѓу три различни форми на вклученост во јавните процеси: граѓански активизам, граѓанско учество и граѓански консултации. Во вториот дел, **влијание врз донесувањето одлуки**, го разгледуваме влијанието на граѓаните врз политичките одлуки и тоа од три аспекти: колку сметаат дека можат да влијаат на донесувањето одлуки на локално и на национално ниво, дали се заинтересирани да бидат повеќе вклучени во донесувањето одлуки на локално ниво и ефективноста на механизмите за нивно вклучување во донесувањето одлуки на локално ниво. Во третиот дел, **волонтерство**, се осврнеме на волонтерството како една важна форма на тоа што научната литература го нарекува ангажирано граѓанство (наспроти конвенционалното граѓанство, што подразбира излегување на избори). Тука правевме разлика меѓу неплатена работа за помош на индивидуално ниво, т.е. за личности со кои испитаниците не се семејно врзани, и на ниво на организации, т.е. традиционално волонтерство. Последниот дел од анализата го разгледува чувството на **припадност** на заедницата, за кое постојната научна литература на тема граѓанско учество укажува дека игра голема улога во одлуката на граѓаните активно да учествуваат во подобрување на заедниците во кои живеат. Така, овој последен дел од анализата има за цел да го испита чувството на припадност на испитаниците по неколку различни основи, вклучувајќи дали се задоволни од непосредната околина во која живеат, колку се чувствуваат како дел од своите заедници, како и дали имаат доверба во своите соседи и сограѓани.

*Анкетата е спроведена во рамки на проектот за засилување на граѓанското општество, поддржан од страна на УСАИД (USAID), а спроведуван од страна на Фондација Отворено општество – Македонија, во кој Реактор – Истражување во акција, учествува како партнерска организација.*

Оваа публикација ги презентира резултатите од четвртата анкета на тема Граѓанско учество, спроведена во 2015 година.

# II. Граѓанско учество

Како што најавивме во воведот, граѓанското учество е широк концепт, кој вклучува различни аспекти на учество на граѓаните во јавниот живот. Во овој дел од анализата го разгледуваме граѓанското учество исклучително во рамки на релацијата граѓани – власт, па правиме разлика меѓу три различни форми на вклученост во јавните процеси: граѓански активизам, граѓанско учество и граѓански консултации.

*Клучни наоди*

- Една третина (32,2%) од граѓаните во 2015 година биле дел од некоја граѓанска иницијатива. Социо-демографските анализи упатуваат дека во граѓански иницијативи почесто учествувале високообразованите, мажите, жителите на Скопје и тие со приходи повисоки од 20.000 денари.

- Најчеста форма на граѓанска иницијатива се еколошките акции во кои учествувале една третина од граѓаните што биле дел од некаква граѓанска иницијатива, додека само 3% учествувале во иницијативи за економски развој. Речиси една петтина своето неучество го оправдале со неинформираност (17%) или со отсуство на организирани иницијативи (16,2%), а приближно толку или околу една петтина немаат (18,3%) посебна причина. Овие податоци упатуваат на огромен потенцијал за мобилизирање, особено ако се гледаат во контекст на наодот дека 71,6% од тие што не учествувале би сакале во иднина да бидат дел од организирани граѓански иницијативи.

- Секој петти испитаник остварил контакт со претставниците на локалната власт, секој десетти контактирал со претставниците на законодавната власт, а секој дваесетти со претставниците на извршната власт. Иако контактите со локалната власт се споредбено позачестени, евидентираното ниво на комуникација со пратениците особено загрижува ако се земе предвид дека и покрај тоа што законски е определено секој последен ден во работната недела да биде за контакти на пратениците со граѓаните и со избирачите во изборните единици, само 9,2% од граѓаните оствариле контакт со своите претставници. Интересно е да се нагласи и дека приближно ист процент граѓани оствариле контакт со државната администрација (13,3%) и со политичките партии (13,9%).

- Стратификација на контактот - веројатноста за остварување контакт се намалува со намалување на степенот на образование и со висината на месечните приходи, а шансата за контакт со секој од претставниците е, во просек, два и полпати поголема кај мажите, отколку кај жените.

- Најчеста форма на граѓанско учество е протест, демонстрација и јавен собир, и во вакви активности учествувале околу една петтина (21%) од граѓаните. Малку повеќе од просекот на примерокот или околу една третина од младите (32,2%), високообразованите (31,2%) и од жителите на Скопје (33,9%) биле на протести.

- Според социо-демографските анализи, разликите во зачестеноста на граѓанските активности со кои се овозможува влијание врз политичките одлуки најдоследно се определени од нивото на образование и од родовата припадност. Веројатноста за преземање и за учество во сите испитувани активности (на пр. јавна расправа, протест, претставка и сл.) се зголемува со зголемување на нивото на образование, додека мажите и жените еднакво учествувале само во потпишување петиција. Во просек, шансите за учество во секоја од активностите (освен потпишување петиција) кај мажите се речиси двојно поголеми (1,72 пати), со што повторно недвосмислено се потврдува родовиот јаз во политичкото влијание.

- Воопштено, Македонците и Албанците се еднакво граѓански активни и етничката припадност прави разлика само во учеството на протести – во споредба со Македонците (22,2%), помал дел од Албанците (14,2%) биле на протест.

## *Граѓанско учество*

Во 2015 година, една третина (32,2%) од граѓаните учествувале во граѓански иницијативи за општо добро.

**Табела 1**

| **Дали во последнава година сте биле дел од некоја граѓанска иницијатива?** | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Да | 264 | 32,2 |
| Не | 922 | 67,8 |
| Вкупно | 1.186 | 100,0 |

Споредбата на подгрупите дефинирани врз основа на социо-демографските карактеристики упатува на тоа дека учеството во граѓански иницијативи е значително поврзано со образованието, полот, местото на живеење и со висината на приходот. Разликите во одговорите најсилно се определени од нивото на образование и, според наодите, веројатноста за учество линеарно се зголемува со степенот на образование - процентот на високообразовани луѓе што потврдиле учество во граѓанска иницијатива е двојно поголем од процентот на нискообразовани (44,5%, наспроти 22%). Од податоците за 2015 година, произлегува дека 39,1% од мажите, наспроти 25,5% од жените известиле дека биле дел од граѓанска иницијатива, што значи дека шансата за граѓанско учество кај мажите е за 1,9 пати поголема, отколку кај жените. Во споредба со со жителите на Скопје, иницијативите за општо добро се значително поретки меѓу жителите на помалите градови (37%, наспроти 28,1%). Според наодите од биваријантните анализи, разликите во месечните приходи, исто така, се отсликуваат во известувањата за граѓанското учество и може да се види дека само 24,8% од лицата со приходи од пет до десет илјади денари биле дел од организирана граѓанска иницијатива, наспроти 40,2% од лицата со приходи повисоки од 20 илјади денари. Сепак, пожелно е да се нагласи дека ако се разгледуваат сите социо-демографски

варијабли истовремено, висината на приходите не ја предвидува значително веројатноста за учество.

**Табела 2**

| За каква иницијатива, односно иницијативи станува збор? | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Акции за чистење и за собирање отпад | 122 | 31,2 |
| Организирани поправки на инфраструктура (патишта, водовод, канализација и сл.) | 106 | 27,1 |
| Хуманитарни акции | 98 | 25,1 |
| Пошумување | 58 | 14,8 |
| Култура - спорт - образование | 52 | 13,3 |
| Протести | 39 | 10,0 |
| Политичка - партиска | 19 | 4,9 |
| Иницијатива за економски развој | 12 | 3,1 |

Меѓу граѓаните што учествувале во граѓански иницијативи најчести се акциите за чистење и за собирање отпад во кои учествувале една третина од граѓаните, додека најретки се иницијативите за економски развој, во кои учествувале само 3%. Второ и треторангирани, според зачестеноста меѓу одговорите, се иницијативите поврзани со организирани поправки на инфраструктурата (27,1%) и хуманитарните акции (25,1%).

**Табела 3**

| Која е причината поради која не сте биле дел од граѓанска иницијатива? | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Немам можност / немам време | 260 | 31,7 |
| Нема посебна причина | 150 | 18,3 |
| Неинформираност (не знае каде има иницијативи, не знае каде да се обрати, не знае што е тоа) | 139 | 17,0 |
| Нема, не постојат иницијативи, не се организираат граѓаните | 133 | 16,2 |
| Никој не го викнал, поканил. Немал понуда | 86 | 10,5 |
| Незаинтересираност, не сака да учествува | 61 | 7,4 |
| Скептицизам - недоверба во искреноста и во ефикасноста на иницијативите и на учесниците | 57 | 7,0 |
| Болест | 25 | 3,0 |
| Престар / премлад | 15 | 1,8 |

Најчестата причина за неучество во граѓански иницијативи, која ја навел секој трет (31,7%) граѓанин е отсуството на можност или време, а речиси секој петти своето неучество го оправдал со неинформираност (17%) или отсуство на организирани иницијативи (16,2%). Интересно е да се наведе дека исто толку граѓани или речиси една петтина (18,3%) немаат посебна причина за сопственото неучество, а само 7,4% експлицитно одбиваат да учествуваат во граѓански иницијативи.

Од тие што не учествувале во граѓански иницијативи, седум од десет (71,6%) изјавиле дека во иднина би биле дел од граѓанска иницијатива, додека од тие што веќе учествувале, сите (100%) рекле дека ќе учествуваат повторно. Описот на примерокот според зачестеноста на причините за неучество и наодите што упатуваат на обврзување (барем декларативно) за идно учество се индиција дека кај граѓаните постои огромно мнозинство што може да се мобилизира за граѓанско учество.

Следната серија прашања имаше цел да утврди дали и колку граѓаните се потпираат на избраните претставници, на тие што се назначени како јавен сервис на граѓаните и на политичките партии. Според одговорите, најчесто биле контактирани градоначалниците, а најретко министрите. Секој петти испитаник контактирал со локалната власт (20%), а секој дваесетти (4,9%) остварил контакт со претставници на извршната власт. Со пратениците контактирале само 9.2% што особено загрижува ако земеме предвид дека пратениците имаат предвидени денови надвор од Собранието токму за да можат да остваруваат контакти со граѓаните од нивните изборни единици. Интересно е да се нагласи дека приближно ист процент граѓани оствариле контакт со државата администрација (13,3%) и со политичките партии (13,9%).

**Табела 4**

| **Дали во последниве 12 месеци сте стапиле во контакт со кој било од следниве лица:** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| градоначалник/чка или советник/чка на општина? | 243 | 20,0 |
| пратеник/чка? | 112 | 9,2 |
| министер/ка? | 60 | 4,9 |
| претставник/чка на државната администрација? | 161 | 13,3 |
| политичка партија? | 169 | 13,9 |

Социо-демографската анализа покажува дека веројатноста за остварување контакт со сите наведени претставници е определена од полот и од приходите на лицата, додека степенот на образование не се актуализира преку разлики само во контактот со локалната власт. Според одговорите на испитаниците, со сите претставници било почесто контактирано од страна на мажите и шансата за контакт, во просек, е за два и полпати (2,42) поголема кај мажите, отколку кај жените. Со зголемување на степенот на завршено образование се зголемува и веројатноста за контакт и како што е веќе нагласено, отстапка од ваквиот образец може да се види само кај одговорите за контакт со градоначалниците. Старите (22,5%) почесто контактирале со локалната власт од младите (13,6%), а слична разлика во контактот е забележлива и меѓу вработените и невработените (23%, наспроти 16,9%). Споредбата по региони упатува дека најчесто е контактирано со локалната власт од источниот регион, и речиси една третина (31%), од жителите на овој регион рекле дека оствариле контакт со градоначалникот или некој од советниците на општината, додека меѓу испитаниците од скопскиот регион двојно помал процент (15,4%) потврдиле дека имале контакт со локалните власти. Според одговорите за остварените контакти, локалните власти (практично) се подостапни за жителите на селата и 24,5% од нив, во споредба со 14,1% од жителите на Скопје, рекле дека имале контакт со градоначалникот/ката или со општинските советници.

Разликите во месечните приходи ги определуваат контактите со народните претставници, извршната власт, државната администрација и со политичките партии, па така веројатноста за контакт е поголема кај лицата со повисоки приходи. Подетално, со законодавната власт најретко контактираат лицата со приходи пониски од пет илјади денари, додека контактите со политичките партии се најретки кај лицата со месечни приходи од пет до десет илјади денари. Разликите во пропорциите упатуваат на тоа дека со извршната власт почесто контактираат лицата со повисоки приходи од 20.000 денари (во споредба со сите тие што имаат приходи пониски од 15 илјади), а контактите со државната администрација, пак, биле позачестени кај лицата со примања повисоки од 15 илјади денари (во споредба со тие со примања пониски од 10.000). Дополнително, веројатноста да се контактира со пратениците/чките и со државната администрација се разликува и врз основа на статусот на пазарот на трудот и, во

споредба со невработените, кај вработените шансите за контакт со државната администрација се речиси двојно поголеми (1,95 пати), додека шансите за контакт со народните претставници кај вработените се поголеми за 1,72 пати.

Со наредното прашање, можноста за влијание беше операционализирана преку активностите што им се понудени на граѓаните како законски инструменти за интервенција и за граѓанско учество. Најчеста форма на граѓанско учество меѓу испитаниците е протест, демонстрација и јавен собир и во вакви активности учествувале околу една петтина (21%) од граѓаните, а најретко застапена форма на учество е вклученоста во работни групи за дискусија во општината и во вакви активности учествувале само 6,4%.

**Табела 5**

| **А дали во последниве 12 месеци сте...** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| учествувале на јавна расправа, состанок за локални проблеми? | 177 | 14,6 |
| учествувале на протест, демонстрација, јавен собир? | 254 | 21,0 |
| потпишале петиција? | 166 | 13,7 |
| поднеле предлог или претставка? | 110 | 9,1 |
| сте биле вклучени во работна група за дискусија во општината? | 78 | 6,4 |

Разликите во однос на социодемографските варијабли најсеопфатно се рефлектирани во известувањата за учество во протест, па така младите (32,2%), високообразованите (31,2%), Македонците (22,2%), мажите (24,2%) и жителите на Скопје (33,9%) позачестено учествувале во протест, во споредба со старите (16,8%), средно (17,7%) и нискообразованите (11,4%), Албанците (14,2%), жените (17,8%) и жителите на помалите градови (19,1%) и на селата (13,3%). Споредбата на одговорите по региони упатува на тоа дека на протести најмногу учествувале граѓаните на Скопје, од каде што речиси секој трет жител (31,8%) бил на протести.

Разликите во зачестеноста на граѓанските активности кај испитаниците најдоследно се определени од нивото на образование и од полот. Веројатноста за преземање и за учество во сите активности се зголемува со зголемување на нивото на образование, додека мажите и жените еднакво учествуваат само во потпишување петиција. Во просек, шансите за учество кај мажите се речиси двојно поголеми (1,72 пати), со што за жал, повторно, недвосмислено се потврдува родовиот јаз во политичкото влијание, овозможено преку граѓанското учество. Според известувањата, почесто потпишале петиција вработените лица, тие со повисоки примања од 20.000 денари, како и жителите на Скопје и на скопскиот регион, во споредба со невработените, тие со пониски примања од 10.000 денари, како и жителите на помалите градови, селата и на полошкиот регион. Освен од образованието и од полот, давањето предлози е детерминирано и од возраста, па така шансата за давање предлози е повеќе од двојно (2,20 пати) поголема кај старите лица, отколку кај младите, додека учеството во работни групи, освен од овие социо-демографски варијабли, дополнително е детерминирано и од статусот на пазарот на труд и од податоците произлегува дека шансата за учество е за 1,6 пати поголема кај вработените, во споредба со невработените.

Од социо-демографските споредби, заклучно, може да се констатира дека полот и образованието најдоследно ја определуваат веројатноста за граѓанско учество. Во речиси сите форми на граѓанско учество мажите се позастапени од жените, а

веројатноста за учество во најголем дел од нив се зголемува со зголемување на нивото на образование. Всушност, мажите и жените не се разликуваат значајно само во бројот на потпишани петиции, додека лицата со различен степен на образование не се разликуваат само во зачестеноста на контактите со градоначалниците. Исто така, потребно е да се нагласи дека етничката припадност не придонесува за значајни разлики во граѓанското учество, односно може да се увиди дека, освен протести, сите форми на граѓанско учество се еднакво застапени меѓу етничките Македонци и етничките Албанци.

# III. Влијание врз донесување одлуки

Влијанието на граѓаните врз донесувањето политички одлуки го разгледуваме од три аспекти: колку граѓаните сметаат дека можат да влијаат на донесувањето одлуки на локално и на национално ниво, дали се заинтересирани да бидат повеќе вклучени во донесувањето одлуки на локално ниво и ефективноста на механизмите за нивно вклучување во одлуките што се донесуваат на локално ниво.

## *Клучни наоди:*

- Повеќе од една половина од граѓаните сметаат дека воопшто не можат да влијаат врз донесувањето одлуки на локално и на национално ниво. 58,5% од граѓаните сметаат дека воопшто не можат да влијаат врз донесувањето одлуки во нивната општина, а песимизмот за политичката ефикасност е уште поголем за донесувањето национални одлуки, за кои двајца од тројца (66,4%) граѓани рекле дека воопшто не можат да влијаат. Од друга страна, само 4,7% се уверени во својата делотворност за локалните одлуки и речиси исто толку (4,5%) веруваат во својата ефективност на национално ниво.

- Доминантната перцепција за практична маргинализираност на граѓаните во процесите на донесување одлуки е уште попоразителна ако се увиди дека најголем дел од граѓаните не се незаинтересирани, туку високо ја вреднуваат можноста да влијаат и би сакале да бидат повеќе вклучени. На речиси една половина (49,1%) од граѓаните многу им е важно да имаат можност да влијаат на одлуките што се донесуваат во општината, а малку повеќе од една половина (52,5%) рекле дека сакаат да бидат повеќе вклучени во донесувањето одлуки во општината. Најмногу или една петтина (18,1%) сметаат дека ако се контактира со нив од страна на советот би го олеснило нивното влијание врз процесите на донесување одлуки во нивната општина.

- Една половина (50,9%) од учесниците сметаат дека подобрувањето на општеството е и нивна лична одговорност, а речиси една третина (32,5%) од граѓаните рекле дека тоа е работа на други. Лицата со средно образование (53,1%) почесто од тие со основно образование (41,9%) сметаат дека подобрувањето на општеството е лична одговорност, додека испитаниците Албанци (44,7%) значително почесто од Македонците (30,5%) рекле дека тоа е работа на други.

- Волјата за политичко влијание се огледува и во перципираната важност на гласањето и, според податоците, на најголем дел од граѓаните (43,8%) им е многу важно да гласаат на избори. Сепак, иако на повеќето многу им е важно да можат да влијаат и да гласаат, највисокиот степен на припишана важност е значајно почест меѓу старите, пообразованите и финансиски подобро ситуираните лица.

- Три од четири лица (77,8%) гласале на сите или речиси на сите избори, а две од три лица (68%) се сигурни дека ќе гласаат на следните избори. Ваквите податоци имплицираат висока активност, иако не се совпаѓаат целосно со официјалните податоци (за споредба, на предвремените парламентарни избори во 2014 година стапката на одѕив изнесувала 63%).

## *Влијание врз донесувањето одлуки*

Кога станува збор за тоа дали граѓаните можат да влијаат врз донесувањето одлуки на локално и на национално ниво, клучното прашање е индивидуалната перцепцијата за политичката ефикасност. Во таа насока, најважното прашање во овој дел од анализата е дали граѓаните можат да влијаат во процесите на донесување одлуки, т.е. нивната перцепцијата за тоа колку, воопшто, можат да влијаат во овие процеси, особено на локално ниво, каде што се очекува поголем пристап до институциите, а со тоа и поголемо влијание. Одговорите на прашањата во која мера граѓаните сметаат дека можат да влијаат врз донесувањето одлуки на локално и на национално ниво се разочарувачки.

**Табела 6**

| **Дали можете да влијаете врз донесувањето одлуки во вашата општина?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Многу може да влијаете | 55 | 4,7 |
| Донекаде може да влијаете | 219 | 18,6 |
| Малку може да влијаете | 215 | 18,2 |
| Не можете да влијаете | 690 | 58,5 |
| Вкупно | 1.179 | 100,0 |

Поточно, во 2015 година повеќе од една половина од граѓаните (58,5%) сметаат дека воопшто не можат да влијаат врз донесувањето одлуки во нивната општина, а 18,6% сметаат дека малку можат да влијаат. Од друга страна, само 4,7% сметаат дека можат многу да влијаат.

Ситуацијата е уште полоша кога станува збор за перципираната можност за влијание врз донесувањето одлуки на национално ниво. Речиси две третини од граѓаните сметаат дека воопшто не можат да влијаат на одлуките што се донесуваат на национално ниво, додека само 4.5% сметаат дека можат многу да влијаат.

**Табела 7**

| **А одлуките што се донесуваат за Македонија?** | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Многу може да влијаете | 52 | 4,5 |
| Донекаде може да влијаете | 158 | 13,6 |
| Малку може да влијаете | 181 | 15,6 |
| Не можете да влијаете | 772 | 66,4 |
| Вкупно | 1.163 | 100,0 |

Очекувано, постои значителна поврзаност меѓу перцепциите за себеефикасност на локално и на национално ниво, па така 86,8% од лицата што сметаат дека не можат да влијаат на донесувањето одлуки во својата општина, исто така, веруваат дека не можат да влијаат и врз донесувањето одлуки за Македонија. Сепак, пожелно е да се нагласи дека постојат значајни разлики во просечните процени за можноста да се влијае, кои укажуваат дека граѓаните се поголеми песимист за нивната делотворност врз националните одлуки.

Од тестирањето на биваријантните односи произлегува дека перцепциите на сопствената можност за влијание се разликуваат врз основа на етничката припадност и на нивото на образование. Албанците се поуверени во сопствената политичка ефикасност од Македонците и кога станува збор за одлуките што се донесуваат за нивните општини и кога одлуките се одразуваат на национално ниво. Разликите што се врзуваат за нивото на образование се должат на поголемиот скептицизам за сопствената ефективност врз локалните одлуки на тие со средно образование, во споредба со тие со високо образование иако, според величината на ефектот, утврдената разлика, и покрај тоа што е статистички значајна, практично е тривијална.

Заклучно, и покрај формално обезбедените механизми за учество во донесувањето одлуки, повеќе од една половина од граѓаните сметаат дека не можат да влијаат.

*Важноста на влијанието врз донесувањето одлуки*

Освен дали можат да влијаат, од граѓаните се бараше одговор и на тоа дали сакаат да влијаат, поточно колку е за нив важна можноста за влијание и дали би сакале да бидат повеќе вклучени во донесувањето одлуки за нивната локална заедница. Одговорите на овие прашање се соодветни за да се увиди дали констатираната перцепција за практична маргинализираност во процесите на донесување одлуки се потврдува и со незаинтересираност на граѓаните за учество во донесувањето одлуки. Од добиените податоци е јасно дека ваквата инсинуација е погрешна и, всушност, на речиси една половина (49,1%) од граѓаните многу им е важно да имаат можност да влијаат на одлуките што се донесуваат во нивната општина, а само на 10,9% воопшто не им е важно.

**Табела 8**

| **Колку е важно за вас лично да имате можност да влијаете врз одлуките што се донесуваат во вашата локална заедница / општина?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Многу ви е важно | 580 | 49,1 |
| Донекаде ви е важно | 353 | 29,9 |
| Малку ви е важно | 119 | 10,1 |
| Воопшто не ви е важно | 129 | 10,9 |
| Вкупно | 1.181 | 100,0 |

Иако без оглед на социо-демографската заднина најголем дел од граѓаните се согласуваат дека е многу важна можноста да се влијае, анализите упатуваат на суптилни диференцијации, кои, сепак, потврдуваат дека асиметриите во моќта на општествените групи се забележливи и во важноста што се придава на потенцијалот за влијание. Можноста за влијание врз локалните одлуки им е поважна на старите од кои повеќе од една половина (52,9%) рекле дека многу им е важно да влијаат, наспроти

39,2% од младите што дале ваков одговор. Од податоците може да се констатира дека со зголемување на степенот на образование се зголемува и важноста на можноста да се влијае иако величината на ваквата поврзаност е мала. Мали, но статистички значајни разлики се утврдени и според статусот на пазарот на трудот и може да се заклучи дека на вработените им е поважна можноста за влијание отколку на невработените. Конечно, со зголемување на приходите се зголемува и важноста на можноста да се влијае - на лицата со приходи повисоки од 20.000 денари им е многу поважно да влијаат врз локалните одлуки во споредба со тие со приходи до пет илјади и со тие со приходи од 10 до 15 илјади денари.

Освен што најголем дел од граѓаните високо ја вреднуваат можноста за влијание, најголем дел или околу една половината (52,5%) сакаат да бидат и повеќе вклучени во одлуките што ги донесува општината. Една четвртина рекле (25,6%) дека желбата за вклученост зависи од проблемот или прашањето за кое се донесува одлука, додека само една петтина (21,9%) не се заинтересирани и изјавиле дека не сакаат поголема вклученост.

**Табела 9**

| **Генерално земено, дали би сакале да бидете повеќе вклучени во одлуките што ги донесува општинскиот совет, кои го засегаат вашиот град, вашето село?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Да | 631 | 52,5 |
| Не | 264 | 21,9 |
| Зависи од проблемот / прашањето за кое се донесува одлука | 308 | 25,6 |
| Вкупно | 1.175 | 100,0 |

Очекувано, важноста на можноста да се влијае и желбата за поголема вклученост се значително поврзани, па така 69,7% од испитаниците на кои многу им е важно да влијаат рекле дека сакаат да бидат повеќе вклучени, додека само 21,9% од испитаниците, кои известиле дека воопшто не им е важно да влијаат, потврдиле дека сакаат да бидат повеќе вклучени.

Желбата за поголема вклученост се разликува во согласност со возраста, образованието, полот, статусот на пазарот на труд и со висината на приходите иако најголем дел од припадниците на сите демографски категории потврдиле дека сакаат поголема вклученост. Разликите што се врзуваат за возраста се актуализираат во зачестеноста на алтернативата на одговор, која изразува селективност, односно, речиси една третина (32,4%) од младите, во споредба со малку помалку од една четвртина (23%) од старите рекле дека нивната желба за вклученост зависи од проблемот. Разликите врзани за образованието произлегуваат од помалата зачестеност на афирмативни одговори меѓу лицата што имаат завршено само основно образование (36,8%), кои во споредба со лицата со средно (52,7%) и со високо (59%) образование поретко одговориле дека сакаат да бидат повеќе вклучени. Пожелно е да се нагласи дека пропорцијата на лица со ниско образование што сакаат (36,8%) и што не сакаат (35,7%) да бидат повеќе вклучени е приближно иста, што упатува на извесна индиферентност кај оваа популација граѓани. Жените (47,5%) значително поретко од мажите (57,4%) се изјасниле дека сакаат да бидат повеќе вклучени и значително почесто одговориле дека желбата за вклученост зависи од проблемот (29,1% жени, наспроти 22,0% мажи). Статусот на пазарот на труд, исто така, се јавува како

детерминанта на желбата за поголема вклученост, па така, 19,6% од вработените, наспроти 24,6% од невработените рекле дека не сакаат да се зголеми нивната инволвираност во донесувањето на локалните одлуки. Разликите што се констатираат врз основа на месечните приходи, пред сè, се должат на забележливо почестото изјаснување на лицата со примања повисоки од 20.000 денари (66,7%) дека сакаат да бидат повеќе вклучени (во споредба со сите категории лица со пониски приходи од 15 илјади денари), и диспропорционално почестото изјаснување на лицата со пониски приходи од 10 илјади од кои речиси една третина (од 31,8% до 34,1%) изјавуваат дека нивната желба за вклученост зависи од проблемот (во споредба со тие што имаат повисоки приходи од 20.000 денари). Повторно, пожелно е да се нагласи дека кога се разгледуваат сите односи истовремено, само еден дел од претходно констатираните поврзаности остануваат значајни, поточно, во овој случај, желбата за вклученост може значително да се предвиди само од нивото на образование и од висината на приходите.

*Одговорност за подобрување на општеството*

На испитаниците им беше поставено и прашање со кое требаше да се утврди дали граѓаните се чувствуваат лично одговорни за општествените промени. Една половина (50,9 %) сметаат дека подобрувањето на општеството е и нивна лична одговорност, а речиси една третина (32,5%) од граѓаните рекле дека тоа е работа на други.

**Табела 10**

| **Дали сметате дека подобрувањето на општеството е и ваша лична одговорност или, пак, сметате дека подобрувањето на општеството е работа на други?** | | Фреквенции | % |
|---|---|---|---|
| | Лична одговорност | 599 | 50,9 |
| | Работа на други | 383 | 32,5 |
| | Заемна одговорност | 195 | 16,6 |
| Вкупно | | 1.177 | 100,0 |

Социо-демографските споредби упатуваат на разлики во одговорите во согласност со степенот на образование и со етничката припадност. Лицата со средно образование (53,1%) почесто од тие со основно образование (41,9%) сметаат дека подобрувањето на општеството е нивна лична одговорност. Испитаниците Албанци (44,7%) значително почесто од Македонците (30,5%) рекле дека тоа е работа на други, додека Македонците (18,6%) почесто од Албанците (10,1%) известиле дека тоа е заемна одговорност. Корисно е да се наведе дека албанските испитаници приближно исто одговориле дека подобрувањето на општеството е лична одговорност, односно дека е работа на други (45,3%, наспроти 44,7%) - подвоеност што отстапува од дистрибуцијата на примерокот, каде што забележливо најголем дел се изјасниле како лично одговорни за општественото подобрување.

*Гласање на избори*

Традиционалното ангажирање, односно граѓанското учество како што е гласањето на избори го меревме преку прашањата што се однесуваат на важноста на гласањето на избори за граѓаните, дали и колку често гласале во минатото, како и дали ќе гласаат на следните избори. На најголем дел, или на речиси една половина (43,8%) од граѓаните им е многу важно да гласаат на избори, а гласањето воопшто не им е важно (13,7%) или им е малку (4,7%) важно на малку помалку од една петтина.

**Табела 11**

| **Колку за ВАС ЛИЧНО е важно гласањето на избори? (без разлика дали во моментов имате право да гласате)** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Воопшто не ви е важно | 165 | 13,7 |
| Малку ви е важно | 57 | 4,7 |
| Делумно ви е важно | 154 | 12,8 |
| Важно ви е | 299 | 24,9 |
| Многу ви е важно | 526 | 43,8 |
| Вкупно | 1.201 | 100,0 |

Според наодите од биваријантните анализи, важноста на гласањето е определена од припадноста на различните возрасни групи, нивото на образование, местото на живеење и месечните приходи. Иако најголем дел и од младите (32,1%) и од старите (48,2%) одговориле дека гласањето им е многу важно, разликите во просечните процени упатуваат дека гласањето им е поважно на старите. Мали, но, сепак, значајни разлики има и врз основа на нивото на образование, во споредба со ниско (35,5%) и со средно (40,9%) образованите, на значително поголем дел од лицата со високо (52,3%) образование гласањето им е многу важно. И разликите во местото на живеење се огледуваат во важноста што се придава на гласањето, на жителите на селата гласањето им е помалку важно во споредба со жителите на градовите и со тие што живеат во Скопје, иако, повторно, ваквите разлики се мали. Важноста на гласањето се зголемува и со зголемување на висината на приходите и значителни разлики во просечните процени може да се констатираат меѓу лицата со поголеми приходи од 20 илјади денари и тие со помали од пет илјади денари, Заклучно, иако на најголем дел од граѓаните им е многу важно да гласаат, највисокиот степен на припишана важност е значително почест меѓу старите, пообразованите и финансиски подобро ситуираните лица.

Гласањето на избори како еден од основните показатели за граѓанско учество е значаен индикатор за активноста на граѓаните во едно општество. Податоците во табелата 12 укажуваат дека граѓаните во Македонија се исклучително активни кога станува збор за изборите бидејќи три четвртини гласале на сите или речиси на сите избори во минатото. Индикативно е што оваа стапка значително се разликува со официјалните податоци за одѕив на граѓаните на изборите, според кои на предвремените парламентарни избори во 2014 година гласале 1.120.744 граѓани, односно стапката на одѕив изнесувала 63%.

**Табела 12**

| **Колку често сте гласале во минатото?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Не сум гласал/а | 45 | 3,9 |
| На некои избори | 107 | 9,2 |
| На повеќето избори | 106 | 9,1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | На сите/речиси на сите избори | 903 | 77,8 |
| Вкупно | | 1.161 | 100,0 |

Во врска со гласањето на избори во иднина, две третини (66,8%) од испитаниците одговориле дека сигурно ќе гласаат на следните избори, а дополнителни 9% дека најверојатно, ќе гласаат. Само 5,7% од испитаниците се изјасниле со сигурност дека нема да гласаат на следните избори.

**Табела 13**

| Дали ќе гласате на следните избори? | | Фреквенции | % |
|---|---|---|---|
| | Да, сигурно | 812 | 68,0 |
| | Да, најверојатно | 114 | 9,5 |
| | Можеби | 147 | 12,3 |
| | Најверојатно не | 52 | 4,4 |
| | Сигурно не | 69 | 5,8 |
| Вкупно | | 1.194 | 100,0 |

Според разликите во просечните процени, лицата со високо образование почесто гласале и се посигурни дека во иднина ќе гласаат од лицата со средно и со ниско образование, иако статистичката значајност на ваквите разлики треба да се стави во контекст со податоците според кои приближно осум од десет испитаници се изјасниле дека гласале на (речиси) сите избори и дека повеќето граѓани од сите образовни нивоа се сигурни дека ќе гласаат (63,8% – 72,8%). Од споредбите на ниво на етничките групи произлегува дека Македонците почесто гласале и се посигурни дека ќе гласаат на идните избори од Албанците. Разликата е поголема во однос на идното гласачко однесување и може да се види дека речиси двојно поголем процент Албанци од Македонци на прашањето за наредните избори одговориле дека можеби ќе гласаат (20,1%, наспроти 10,9%). Од споредбите на возрасните групи произлегува дека постарите учесници се поуверени дека ќе гласаат и 71,5% од нив наспроти 58,4% од младите рекле дека сигурно ќе гласаат.

Мали, но значајни разлики во одговорите се утврдени и врз основа на местото на живеење и висината на приходите. Жителите на помалите градови почесто гласале од жителите на Скопје, а со зголемување на приходите се зголемува зачестеноста на минатото гласање и сигурноста за идното гласање. Лицата со приходи повисоки од 20 илјади денари почесто гласале од лицата со приходи пониски од пет илјади денари и тие со приходи од пет до десет илјади, а значително се посигурни дека ќе гласаат во иднина од тие со приходи пониски од пет илјади денари.

Очекувано, постои значителна поврзаност меѓу минатиот одѕив и увереноста за гласањето во иднина, што упатува на доследност во гласачкото однесување и, според податоците, 80,5% од тие што изјавиле дека гласале на сите или речиси на сите избори, потврдиле дека сигурно ќе гласаат и на идните избори. Интересно е да се нагласи дека од споредбата на граѓаните со различна социо-демографска заднина, произлегува дека поврзаноста е најголема кај лицата со приходи повисоки од 20 илјади денари, и кај оваа група граѓани 88,1% од тие што гласале на сите избори се сигурни дека ќе гласаат и во иднина. И важноста на гласањето е значително поврзана со минатото однесување и со намерата за идното гласење иако големината на оваа поврзаност е забележливо помала.

*Ефективност на механизмите за влијание врз одлуките*

Откако утврдивме дека кај испитаниците, сепак, преовладува желбата да бидат повеќе вклучени во донесувањето одлуки што се однесуваат на нивното место на живеење, во следниот дел ги разгледуваме одговорите на прашањето во кое беше побарано од граѓаните да наведат што би им олеснило да влијаат врз процесите на донесување одлуки. Од одговорите во табелата 14 може да се забележи дека испитаниците сакаат поголем директен контакт со општинската власт, односно да советот директно да контактира со нив, како и полесно да можат да стапат во контакт со градоначалникот. Интересно, според зачестеноста во одговорите, информираноста за тоа што се расправа во општината е најмалку суштинска за олеснување на влијанието врз донесувањето одлуки од страна на општината.

**Табела 14**

| **Што би ви овозможило полесно да влијаете врз процесите на донесување одлуки во вашата општина?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Советот да стапи директно во контакт и да побара да се вклучам. | 220 | 18,1 |
| Да биде полесно да се контактира со градоначалникот. | 159 | 13,1 |
| Да имам повеќе време. | 123 | 10,1 |
| Да можам да го дадам моето мислење на интернет или на е-пошта. | 105 | 8,6 |
| Да можам да се вклучам во работна група што донесува одлуки за прашањата и за проблемите во општината. | 98 | 8,1 |
| Да знам за кои проблеми и прашања се расправа во општината. | 88 | 7,2 |

Иако сите категории граѓани најчесто наведуваат дека ако советот контактирасо нив би го олеснило влијанието, според застапеноста на различните „потреби“, вработените и лицата со приходи од 10 до 15 илјади (во споредба со тие со пониски приходи од пет илјади) почесто наведуваат дека располагањето со повеќе време би им го олеснило влијанието. Старите лица, невработените, како и тие со приходи од пет до десет илјади (во споредба со тие со пониски приходи од пет илјади) почесто ја навеле потребата советот директно да го побара нивното вклучување, додека младите, скопјаните и жителите на помалите градови почесто навеле дека можноста за електронска комуникација со надлежните би им ја олеснила вклученоста. Невработените почесто ја навеле потребата за поголема информираност; и, конечно, старите лица и тие со приходи од пет до десет илјади денари (во споредба со лицата со повисоки приходи од 20 илјади денари) почесто ја навеле потребата да се олесни контактот со градоначалникот.

# IV. Волонтерство

Во овој дел од анализата ќе се осврнеме на волонтерството како една важна форма на тоа што научната литература го нарекува ангажирано граѓанство (наспроти конвенционалното граѓанство, што подразбира излегување на избори). Тука правевме разлика меѓу неплатена работа за помош на индивидуално ниво, т.е. за личности со кои испитаниците не се семејно врзани, и на ниво на организации, т.е. традиционална волонтерство. Изборот да го прошириме концептот волонтерство надвор од неговите традиционални рамки беше за да видиме дали утврденото ниско ниво на традиционално волонтерство во државата се надоместува со помош на индивидуално ниво.

*Клучни наоди:*

- Помалку од една петтина (17,3%) од граѓаните формално биле волонтери во организација или клуб во 2015 година. Од нив, секој четврти (24,8%) е член во хуманитарни организации, а секој петти (21,9%) е дел од спортски, ловни и од риболовни организации.

- Значително поретко се членови на формални здруженија, се лица со ниско (11,9%) и со средно (14,9%) образование, жени (14,7%) и стари лица (14,4%).

- Седум од десет што се изјасниле дека членуваат во некоја организација, известиле дека даваат информации, консултации или совети.

- Дури 88,6% од граѓаните неформално волонтирале за други лица. Најголем дел (73,8%) од граѓаните донирале (крв, облека, пари...), а најмалку (24,1%) застапувале некого (на пр. во општина или кај доктор) или лично се грижеле (на пр. капење, облекување) за болно или немоќно лице (24,4%).

## *Волонтерство*

Кога станува збор за традиционалното волонтерство, само 17,3% од испитаниците во последните 12 месеци членувале во организација или клуб.

**Табела 15**

| **Дали во последниве 12 месеци сте биле член на некоја организација или клуб?** | | Фреквенција | % |
|---|---|---|---|
| | Да | 210 | 17,3 |
| | Не | 1.005 | 82,7 |
| Вкупно | | 1.215 | 100,0 |

Од биваријантните анализи произлегува дека формалното волонтерство е поврзано со возраста, нивото на образование и полот. Младите почесто се членови на организации или клубови од старите (24,9%, наспроти 14,4%), а разликите врз основа на

образованието се должат на тоа што високообразованите (23,8%) се почесто ангажирани во формално волонтерство од лицата со средно (14,9%) и со основно образование (11,9%). Конечно, мажите е поверојатно да членуваат во организација или клуб од жените (19,9%, наспроти 14,7%).

**Табела 16**

| За каков тип организација, група, клуб се работи? | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Хуманитарни организации (вклучително и Црвен крст). | 52 | 24,8 |
| Спортски, ловни и риболовни организации. | 46 | 21,9 |
| Организации за млади. | 16 | 7,6 |
| Невладини организации од областа на културата. | 14 | 6,7 |
| Организации за пензионери. | 12 | 5,7 |
| Невладини организации од областа на демократијата и на човековите права. | 12 | 5,7 |
| Организации за жени. | 8 | 3,8 |
| Извидници. | 1 | 0,5 |

Од тие што биле членови на некоја организација или клуб, најголем дел или една четвртина (24,8%) биле членови на хуманитарни организации, а секој петти (21,9%) бил дел од спортски, ловни и од риболовни организации.

Следното прашање се однесуваше на конкретни активности што испитаниците ги прават во рамки на организациите во кои членуваат и имаше за цел да испита на каков начин граѓаните се вклучуваат во работата на организациите, т.е., во што се состои нивното волонтирање.

**Табела 17**

| А дали во последниве 12 месеци сте дале НЕПЛАТЕНА помош во вашата или која било друга организација, група, клуб на кој било од следниве начини? | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Давање информации, консултации, совети. | 147 | 70,0 |
| Организација на настан или помош при организација на настан. | 130 | 61,9 |
| Друга практична помош (на пример, купување работи, помош во училиште итн.). | 107 | 51,0 |
| Собирање или ракување со пари. | 80 | 38,1 |
| Возење, наоѓање транспорт. | 73 | 34,8 |
| Водење на групата или член на (управен) одбор. | 70 | 33,3 |
| Секретарска, административна, канцелариска или сметководна работа. | 49 | 23,3 |

Во истражувањето спроведено во 2015 година, како најчеста форма на помош што испитаниците им ја даваат на организациите е консултативната, па така 70% од тие што членуваат во некоја организација, известиле дека даваат информации, консултации или совети. Организација на настани или помош при организација на настани е втора најзастапена форма на волонтерство во која учествувале 61,9% од испитаниците. Како најретка форма на помош се јавува секретарска, административна, канцелариска или сметководна работа, која ја пријавиле 23,3% од испитаниците.

Во однос на конкретните активности што ги прават во рамки на организациите во кои се членови, разликите во социо-демографските карактеристики се актуализираат само во однос на секретарска, административна, канцелариска или сметководна работа, која, според одговорите, почесто била извршувана од лицата со високо образование, мажите и од лицата со повисоки приходи од 20.000 денари (во споредба со тие што примаат помалку од пет до десет илјади денари), како и во однос на активностите поврзани со возење и со наоѓање транспорт, кои, исто така, почесто биле извршувани од мажите, но и од лицата со повисоки приходи од 20.000 денари (во споредба со тие што примаат помалку од 5.000 денари).

Меѓу лицата што се изјасниле дека не волонтираат во организација или клуб од причини што се земени предвид за кодирање на одговорите, за објаснување на сопствената неангажираност најчеста причина е имањето обврски со работата (3,3%). Сепак, понудените рационализации според зачестеноста во одговорите не се доволно „популарни“ за да дадат пореален опис на доминантните причини за слабото учество во традиционалното волонтерство.

**Табела 18**

| **Која е причината или причините поради кои не нудите бесплатна помош на групи, клубови или организации во последниве 12 месеци?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Имате обврски со работа, па затоа немате време да волонтирате. | 33 | 3,3 |
| Можеби не сте слушнале за можности за давање помош. | 14 | 1,4 |
| Треба да се грижите за деца/за домот, па затоа немате време да волонтирате. | 10 | 1,0 |
| Се занимавате со други работи во вашето слободно време. | 7 | 0,7 |
| Можеби никогаш не сте помислиле за можноста да волонтирате. | 6 | 0,6 |
| Можеби не познавате групи на кои им е потребна помош. | 5 | 0,5 |
| Треба да се грижите за постаро или болно лице. | 3 | 0,3 |
| Треба да учите. | 3 | 0,3 |
| Можеби се чувствувате престари за да волонтирате. | 2 | 0,2 |
| Премлади сте. | 1 | 0,1 |

Следното прашање се однесуваше на нетрадиционалното волонтерство односно на каква било форма на помош што испитаниците ја даваат на индивидуални лица со кои не се во роднинска врска. Во овој случај, дури 88,6% од граѓаните направиле најмалку една од активностите понудени во одговорите на ова прашање, што укажува на тоа дека граѓаните се, сепак, подготвени да одвојат од своето време за да му помогнат на друг, иако тоа не го прават во рамки на формални здруженија.
Најголем дел (73,8%) од граѓаните донирале (крв, облека, пари...), а најмалку (24,1%) застапувале некого (на пр. во општина или кај доктор) или (24,4%) лично се грижеле (на пр. капење, облекување) за болно или немоќно лице.

**Табела 19**

| **Во последните 12 месеци, дали сте направиле нешто од следниве работи БЕСПЛАТНО за некој ШТО НЕ ВИ Е РОДНИНА?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Донации (на пример, крв, облека, пари...). | 891 | 73,3 |

| | | |
|---|---|---|
| Одржување контакт со лице што има тешкотии со излегување (посета, телефонирање, комуникација преку е-пошта). | 536 | 44,1 |
| Возење или придружување (на пр. до аеродром, во болница или при прошетка). | 519 | 42,7 |
| Купување работи, подигнување пензија или плаќање сметки. | 487 | 40,1 |
| Пишување писма или пополнување документи. | 441 | 36,3 |
| Уредување или друг вид поправки во домот или на автомобилот. | 416 | 34,2 |
| Грижа за имот (чување куќа, стан, полевање цвеќиња) или грижење за домашно милениче за некој што е отсутен. | 384 | 31,6 |
| Чување или грижење за деца. | 374 | 30,8 |
| Готвење, чистење, перење, градинарство или други рутински домашни работи. | 368 | 30,3 |
| Лична грижа (на пр. капење, облекување) за болно или немоќно лице. | 294 | 24,2 |
| Застапување некого (на пр. во општина или кај доктор). | 291 | 24,0 |

Направените споредби во однос на социодемографската заднина покажуваат разлики според возраста, нивото на образование и статусот на пазарот на труд. Старите (12,8%) почесто од младите (7,6%) не биле вклучени во ниту една волонтерска активност, речиси една петтина (19%) од лицата со ниско образование воопшто не волонтирале за поединци, во споредба со околу една десеттина (11%) од лицата со средно и малку помалку од една десеттина (8%) од лицата со високо образование, а во однос на статусот на пазарот на трудот, невработените почесто од вработените се изјасниле дека не биле дел од доброволна активност за бенефит на поединци (14%, наспроти 9%). Сепак, ако се земе предвид дека, без оглед на демографската заднина, речиси девет од десет граѓани помогнале неформално во изминатата година, утврдените разлики повеќе личат на суптилни диференцијации, отколку на разлики што припадниците на одредени демографски категории ги портретираат како посклони кон помагање од други.

Може да се констатира значајна поврзаност меѓу неформалното волонтерството за поединци и традиционалното волонтерство кое се врзува за членување во организации или клубови. Речиси една петтина (19%) од лицата што биле вклучени барем во една волонтерска активност за помагање на лице што не им е роднина, членувале и во организација (наспроти 4,4% од тие што не биле вклучени во ниту една неформална волонтерска активност, а кои биле членови на организации).

# V. Припадност

Постојната научна литература на тема граѓанско учество укажува на тоа дека чувството на припадност во заедницата, без разлика дали на локално или национално ниво, игра голема улога во одлуката на граѓаните активно да учествуваат во подобрување на заедниците во кои живеат. Така, овој дел од анализата има цел да го испита чувството на припадност на испитаниците по неколку различни основи, вклучувајќи дали се задоволни од непосредната околина во која живеат, колку се чувствуваат како дел од своите заедници, како и дали имаат доверба во своите соседи и сограѓани.

## *Клучни наоди*

Задоволство од локалната средина:

- Како многу задоволни од својата непосредна локална заедница се изјасниле 37,4% од граѓаните, речиси секој трет (32,6%) е многу задоволен од градот или селото во кое живее, а забележливо помалку или 28,9% рекле дека се многу задоволни од Македонија како место за живеење. Просечните процени за непосредните места на живеење како населбите и градовите или селата се значително повисоки од просечната процена за Македонија, што укажува на тоа дека иако постои преклопување, на ниво на примерок граѓаните се најмалку задоволни од својата земја, а најмногу од своите маала.

- Со зголемување на степенот на образование, опаѓа задоволството од местото на живеење. Многу задоволни од градот или селото во кое живеат се четири од десет (42,5%) лица со ниско образование, но секој четврти со високо образование (27,1%). Многу задоволни од Македонија, пак, се четири од десет (41,1%) лица со ниско образование, но секој петти (21,2%) со високо образование.

- Жителите на североисточниот регион се најнезадоволни од градот или селото во кое живеат - само 18,8% од испитаниците од овој регион рекле дека се многу задоволни, иако на ниво на целиот примерок процентот на многу задоволни е забележливо поголем (32,6%).

- Младите и Албанците се понезадоволни од Македонија како место за живеење. Една третина (33,4%) од старите рекле дека се многу задоволни од Македонија, но речиси двојно помал процент (17,2%) млади го избрале овој одговор. Во контекст на разликите според етничката припадност, 23,4% од Албанците рекле дека воопшто не се задоволни од Македонија, наспроти 14,7% од Македонците.

- Повеќе од една третина (36%) од граѓаните воопшто не се задоволни од работењето на локалните власти, а речиси исто толку (34,6%) рекле дека се делумно задоволни. Како многу задоволни се изјасниле само 11,1%.

- Меѓу граѓаните преовладува перцепцијата за состојба на непроменетост на местата на живеење - речиси една половина (47,7%) рекле дека градовите и

селата во кои живеат не се смениле многу, а ваквата слика за Македонија ја имаат 38,3%.

- Песимизмот за промените во Македонија е почест меѓу младите (36,1%, наспроти стари 28,4%), лицата со високо образование (40,4%, наспроти тие со средно 26,8% и со основно 22,6%) и мажите (34,3%, наспроти жените 26,9%). Оптимизмот за промените во Македонија е почест меѓу етничките Македонци (32,5%) и жителите на помалите градови (25,2%) во споредба со етничките Албанци (23%) и со жителите на Скопје (26,8%).

Чувство на припадност на заедницата:

- Најголем дел од граѓаните чувствуваат силна поврзаност со местото на живеење, па така повеќе од една половина (56%) процениле дека се силно поврзани со градот или селото во кое живеат, а речиси две третини (64,2%) рекле дека се силно поврзани со Македонија.

- Дури 70% од старите лица одговориле дека се силно поврзани со Македонија, наспроти 48,5% од младите. Иако е помалку драстичен, генерацискиот јаз е забележлив и во известената поврзаност со локалните заедници, па така 59,9% од старите, наспроти 46,7% од младите рекле дека се силно поврзани со градовите и селата во кои живеат.

- Чувството на припадност е етнички определено - приближно само еден од десет Македонци (11,2%) изјавил дека малку или воопшто не чувствува дека ѝ припаѓа на Македонија, наспроти секој четврти (24,3%) Албанец, кој рекол дека малку или воопшто не чувствува дека ѝ припаѓа на Македонија.

- Повеќе од една половина (61,9%) од граѓаните планираат во наредните пет години да останат таму каде што живеат, а 28,2% од граѓаните се гледаат себеси преселени во странство. Алармантен е наодот дека најголем дел до младите или 48,9% за пет години се гледаат себеси преселени во странство. За споредба, двојно помал процент (20,4%) стари лица дале ваков одговор.

Здружување во заедницата:

- Четири од десет (44,4%) испитаници рекле дека сограѓаните од нивната населба ретко се здружуваат за да ја подобрат, три од десет (30,6%) оцениле дека никогаш не се организираат, а само еден од десет (9,6%) верува дека жителите на населбата / маалото постојано се организираат. Жителите на Скопје (5,4%) речиси двојно поретко од жителите на селата (12,3%) одговориле дека нивните соседи од населбата постојано се организираат за да ја подобрат.

- Перцепциите се слични и за организираноста на ниво на град / село, секој втор (53,6%) испитаник рекол дека сограѓаните ретко се организираат, додека секој десетти (9,7%) е уверен дека постојано се организираат.

- Повеќе од една половина (56,4%) процениле дека граѓаните ретко учествуваат во организирани иницијативи за подобрување на Македонија, а една десеттина (10,6%) сметаат дека граѓаните постојано се организираат. Мала, но значителна разлика во одговорите може да се види врз основа на статусот на пазарот на труд и, според просечните процени, невработените (во споредба со вработените) ги перципираат своите сограѓани како поангажирани.

Доверба во заедницата:

- Приближно ист процент граѓани им веруваат (41,5%) и не им веруваат (46,2%) на своите сограѓани иако за малку, сепак, преовладуваат тие што сметаат дека нивните соседи би ги искористиле доколку им се укаже можност. Најголемите разлики кај ова прашање беа констатирани врз основа на етничка припадност, па така повеќе од една половина од албанските испитаници (56,2%) сметаат дека може да им се верува на нивните соседи, во споредба со само малку повеќе од една третина од македонските испитаници (38,2%).

- Иако една половина (49,3%) од испитаниците сметаат дека соседите ретко си помагаат едни со други, вкупно 42,1% сметаат дека соседите си помагаат често или цело време. И во однос на перцепциите за солидарност, најголема разлика постои врз основа на етничката припадност. Образецот е сличен како и на претходното прашање и, според просечните процени, Албанците ги перципираат своите соседи како посолидарни.

*Задоволство од локалната средина*

Првата серија прашања имаше цел да утврди колку испитаниците се задоволни од локалната заедница во која живеат, како предуслов за нивно активно учество во заедницата. Најголем дел од граѓаните или, во просек, четири од десет испитаници се делумно задоволни од своето маало, град или село и од Македонија.

**Табела 20**

| **Генерално, колку сте задоволни или незадоволни од вашето непосредно маало како место за живеење?** | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Многу сте задоволни | 453 | 37,4 |
| Делумно сте задоволни | 480 | 39,7 |
| Малку сте задоволни | 172 | 14,2 |
| Воопшто не сте задоволни | 105 | 8,7 |
| Вкупно | 1.210 | 100,0 |

Како многу задоволни од својата непосредна локална заедница се изјасниле 37,4% од испитаниците, а збирот на тие што се малку задоволни или воопшто не се изнесува 22,9%. Во просек, жените се помалку задоволни од своите маала, во споредба со

мажите, но ваквата разлика е мала и припадниците на двете родови групи најчесто се делумно задоволни (41,9 % мажи и 37,5% жени).

**Табела 21**

| **А од вашиот град / вашето село? Колку сте задоволни или незадоволни од вашиот град / вашето село како место за живеење?** | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Многу сте задоволни | 395 | 32,6 |
| Делумно сте задоволни | 514 | 42,5 |
| Малку сте задоволни | 176 | 14,5 |
| Воопшто не сте задоволни | 125 | 10,3 |
| Вкупно | 1.210 | 100,0 |

Речиси секој трет граѓанин (32,6%) е многу задоволен од градот или селото во кое живее, а секој десетти (10,3%) воопшто не е задоволен. Од податоците може да се заклучи дека лицата со ниско образование (42,5%) многу почесто од лицата со високо образование (27,1%) се изјасниле дека се многу задоволни од сопственото место на живеење. Споредбите по региони упатуваат дека жителите на североисточниот регион се најнезадоволни од градот или селото во кое живеат. Само 18,8% од североисточниот регион рекле дека се многу задоволни, во споредба со 38,8% од полошкиот регион, 39,2% од југоисточниот регион и 39,3% од источниот регион. Дополнително 19,8% од североисточниот регион рекле дека воопшто не се задоволни од градот / селото во кое живеат, во споредба со 5,6% од југозападниот регион. Всушност, од наведените податоци е јасно дека кај испитаниците од североисточниот регион процентот на воопшто незадоволни (19,8%) е дури и малку поголем од процентот на многу задоволни (18,8%), иако, на ниво на примерок, процентот на многу задоволни (32,6%) е тројно поголем од процентот на тие што воопшто не се (10,3%) задоволни од својот град / село.

Од Македонија како место на живеење многу се задоволни 28,9% . Збирот на тие што рекле дека се малку задоволни или дека воопшто не се е само малку помал од една третина (31,3%) од вкупниот број граѓани што учествувале, што укажува на тоа дека речиси секој трет испитаник се „приклонил“ кон пониските степени на задоволство.

**Табела 22**

| **А од Македонија? Колку сте задоволни или незадоволни од Македонија како место за живеење?** | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Многу сте задоволни | 344 | 28,9 |
| Делумно сте задоволни | 474 | 39,8 |
| Малку сте задоволни | 181 | 15,2 |
| Воопшто не сте задоволни | 191 | 16,1 |
| Вкупно | 1.210 | 100,0 |

Старите се позадоволни од Македонија како место за живеење и една третина од нив (33,4%) рекле дека се многу задоволни од својата земја, наспроти 17,2% од младите што го избрале овој одговор. Со зголемување на нивото на образование се намалува

задоволството од Македонија и, за илустрација, процентот на многу задоволни кај нискообразованите (41,1%) е речиси двојно поголем од процентот на многу задоволни кај тие со високо образование (21,2%). Конечно, варијации во задоволството од сопствената земја се забележливи и според етничката припадност. Албанците се помалку задоволни и 23,4% од нив рекле дека воопшто не се задоволни од Македонија, наспроти 14,7% од Македонците.

Лицата што се позадоволни од своите маала, се позадоволни од своите градови, и тие што се позадоволни од своите градови се позадоволни од Македонија како место за живеење. Очекувано, најсилна е поврзаноста меѓу процените за своето маало и за својот град, па така 64,1% од тие што се многу задоволни од своето маало рекле дека се многу задоволни и од својот град, додека само 7,6% од лицата што воопшто не се задоволни од своето маало рекле дека се многу задоволни од својот град. Интересно, (иако слаба) постои значителна поврзаност и меѓу евалуациите на своите маала и евалуациите на Македонија, 46% од тие што се многу задоволни од маалото или населбата во која живеат се многу задоволни и од Македонија. Споредбено, од Македонија се многу задоволни само 16,7% од лицата што воопшто не се задоволни од своите маала. Ваквата доследност во индивидуалните процени може да се толкува како воопштена тенденција некои испитаници попозитивно (или понегативно) да вреднуваат, „прелевајќи го (не)задоволството“ без оглед на објектот на процена, но конзистентноста на процените на ниво на група упатува дека во перцепциите на учесниците состојбите на локално и на национално ниво се пресликуваат и најголем дел од граѓаните се делумно задоволни. Сепак, потребно е да се нагласи дека просечните процени за непосредните места на живеење како населбите и градовите или селата се значително повисоки од просечната процена за Македонија, што укажува на тоа дека иако постои преклопување, на ниво на примерок граѓаните се најмалку задоволни од својата земја, а најмногу од своите маала.

Освен да дадат субјективна процена за местото на живеење, од испитаниците се бараше да ја вреднуваат и работата на локалната власт. Повеќе од една третина (36%) од граѓаните воопшто не се задоволни од работењето на локалната власт, а речиси исто толку (34,6%) рекле дека се делумно задоволни. Како многу задоволни се изјасниле само 11,1%. . Според просечните процени, Македонците се позадоволни од Албанците, но разликата, иако е статистички значајна, е мала и, практично, е тривијална.

**Табела 23**

| **Сè на сè, колку сте задоволни, односно незадоволни од начинот на кој локалните власти ги водат работите во вашата општина?** | Фреквенции | % |
|---:|---:|---:|
| Многу задоволен | 131 | 11,1 |
| Делумно задоволен | 408 | 34,6 |
| Малку задоволен или | 216 | 18,3 |
| Воопшто не сте задоволен | 425 | 36,0 |
| Вкупно | 1.180 | 100,0 |

Најчестиот одговор на прашањето за промените во градовите / селата и во Македонија упатува дека меѓу граѓаните преовладува перцепцијата за состојба на непроменетост.

**Табела 24**

| Генерално, дали сметате дека вашиот град / вашето село во последната година е подобро или полошо место за живеење или, пак, сметате дека не се сменил многу? | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Градот / селото е подобро место за живеење | 345 | 28,5 |
| Градот / селото е полошо место за живеење | 287 | 23,7 |
| Градот / селото не се сменил многу | 577 | 47,7 |
| Вкупно | 1.209 | 100,0 |

Иако околу една половина од припадниците на сите демографски категории сметаат дека селото или градот во кој живеат не се сменило многу, од биваријантните споредби произлегува дека песимизмот за промените што се случиле е почест меѓу високообразованите, мажите и жителите на Скопје. Во споредба со 20,9% од лицата со средно и 21,1% од тие со основно образование, 29,8% од лицата со високо образование рекле дека градот / селото е променет на полошо. Ваква констатација дале 27,5% од мажите, наспроти 20,0% од жените и, конечно, жителите на Скопје речиси двојно почесто го избирале овој одговор во споредба со жителите на селата (34,3%, наспроти 17,90%).

**Табела 25**

| А дали сметате дека Македонија во последната година е подобро или полошо место за живеење или, пак, сметате дека не се сменила многу? | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Македонија е полошо место за живеење | 357 | 30,6 |
| Македонија е подобро место за живеење | 364 | 31,2 |
| Не се сменила многу | 447 | 38,3 |
| Вкупно | 1.168 | 100,0 |

И во однос на перцепциите за промените во Македонија, најчест е одговорот што упатува на отсуство на промени, но може да се увиди дека младите значително во поголем процент се песимисти за промените што се случиле (36,1%, наспроти 28,4%), додека старите во поголем процент оценуваат промени на подобро (34,1%, наспроти 23,5%). И разликите во образованието се јавуваат во различните вреднувања на промените, па така лицата со високо образование значително почесто од лицата со средно и од лицата со основно образование оцениле дека се случило влошување на состојбата во Македонија (40,4%, наспроти 26,8% и 22,6%). Етничките Македонци (32,5%) и жителите на помалите градови (35%) значително почесто оцениле промени на подобро, во споредба со етничките Албанци (23%) и жителите на Скопје (26,8%), додека мажите (34,3%) значително почесто од жените (26,9%) рекле дека промените во Македонија се на полошо. Конечно, перцепцијата за влошеност е значително почеста и меѓу тие со приходи повисоки од 20 илјади денари (38,8%) во споредба со тие со приходи од 15 до 20 илјади денари (22,6%).

*Чувство на припадност на заедницата*

Втората серија прашања разгледува колку испитаниците се чувствуваат како дел од различните заедници на кои им припаѓаат, почнувајќи од населбите, па до државата во целост. Одговорите на испитаниците во оваа серија прашања укажуваат на тоа дека граѓаните во голема мера се чувствуваат како дел од своите заедници и дека чувството на припадност е најголемо на ниво на држава.
Од табелите 26 и 27 може да се види речиси идентична распределба на испитаниците според чувството на припадност на маалото / населбата и градот / селото. Повеќе од една половина го избрале највисокиот степен, што упатува на тоа дека најголем дел од граѓаните силно се идентификуваат со своите микрозаедници.

**Табела 26**

| **Колку се чувствувате КАКО ДЕЛ од вашата населба, односно КОЛКУ МУ ПРИПАЃАТЕ на вашето маало / населба? Значи, дали би рекле дека ...** | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Многу му припаѓате | 707 | 58,8 |
| Делумно му припаѓате | 357 | 29,7 |
| Малку му припаѓате | 94 | 7,8 |
| Воопшто не му припаѓате | 44 | 3,7 |
| Вкупно | 1.196 | 100,0 |

Во просек, мажите чувствуваат поголема припадност на своите маала од жените, но ваквата разлика е мала. Највисокиот степен на припадност го избрале 62,9% од мажите, наспроти 54,8% од жените.

**Табела 27**

| **Колку му припаѓате на вашиот град / вашето село?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Многу му припаѓате | 679 | 56,3 |
| Делумно му припаѓате | 383 | 31,8 |
| Малку му припаѓате | 91 | 7,5 |
| Воопшто не му припаѓате | 53 | 4,4 |
| Вкупно | 1.120 | 100,0 |

Со зголемување на висината на приходите се зголемува и степенот на припадност на селото / градот како место за живеење, но поврзаноста е мала. Припадноста на двете возрасни групи ги разликува проценитe за чувството на припадност и на непосредната локална средина и на земјата како место за живеење. Иако разликите се мали, според просечните процени, младите се повоздржани во степенот на афилијација со своето маало и градот или селото како место за живеење.

**Табела 28**

| **А на Македонија? Колку ѝ припаѓате на Македонија?** | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Многу ѝ припаѓате | 772 | 64,2 |
| Делумно ѝ припаѓате | 264 | 22,0 |

| | | |
|---|---|---|
| Малку ѝ припаѓате | 96 | 8,0 |
| Воопшто не ѝ припаѓате | 70 | 5,8 |
| Вкупно | 1.202 | 100,0 |

Ваква диференцијација е понагласена во чувството на припадност на Македонија и, според просечните процени, младите имаат помалку истакнато чувство на припадност на својата земја од старите. Дека Македонија „не е земја на младите“, може да се види од податокот според кој речиси секој четврти (24,4%) млад испитаник одговорил дека малку или воопшто не ѝ припаѓа на Македонија, во споредба со секој десетти (9,8%) стар испитаник, кој избрал некој од овие два степена на припадност. Доследно на ова, дури 70% од старите лица одговориле дека многу ѝ припаѓаат на Македонија, наспроти 48,5% од младите. Сличен јаз во чувството на припадност е исцртан и врз основа на етничката припадност. Во просек, етничките Албанци чувствуваат помала припадност на Македонија и секој четврти (24,3%) Албанец рекол дека малку или воопшто не ѝ припаѓа на Македонија, наспроти само еден од десет Македонци (11,2%).

Со следното прашање од испитаниците се бараше да направат и проекции за наредните пет години и да се изјаснат дали планираат да мигрираат од местото во кое живеат сега. Повеќе од една половина (61,9%) од граѓаните планираат во наредните пет години да останат таму каде што живеат, а 28,2% од граѓаните се гледаат себеси преселени во странство.

**Табела 29**

| **Каде се гледате себеси за пет години?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Во местото во кое живеам | 723 | 61,9 |
| Преселен во рурална средина во државава (село) | 36 | 3,1 |
| Преселен во друг град во државава, но не во Скопје | 35 | 3,0 |
| Преселен во Скопје | 45 | 3,9 |
| Преселен во странство | 329 | 28,2 |
| Вкупно | 1.168 | 100,0 |

Алармантен е наодот дека речиси една половина од младите или дури 48,9% за пет години се гледаат себеси преселени во странство. За споредба, двојно помал процент (20,4%) стари лица дале ваков одговор и најголем дел од оваа возрасна група 71,4% планираат да остане во местото во кое живее, во споредба со само 36,7% од младите.

*Здружување во заедницата*

Следната серија прашања се однесуваше на организираноста на заедниците на кои им припаѓаат испитаниците. Во овој дел ја разгледуваме перцепцијата на испитаниците за тоа колку сметаат дека нивните заедници, т.е. луѓето од нивните заедници, учествуваат во подобрувањето на заедницата преку заеднички иницијативи, но и колку и самите учествуваат во граѓански иницијативи.

Првото прашање се однесуваше на организираноста на микрониво, во кое ги прашавме испитаниците да оценат колку често нивните соседи се здружуваат за да ги подобрат условите во маалата или населбите во кои живеат. Како што може да се забележи од табелата 30, дури 30,6% оцениле дека луѓето од нивното маало / населба никогаш не се

здружуваат за оваа цел. Помалку од една половина, односно 44,4% сметаат дека организирањето се случува, но ретко, а 15,4% сметаат дека тоа се случува често. Само една десеттина од испитаниците изјавиле дека во нивното маало или населба граѓаните постојано се здружуваат или организираат за подобрување на заедницата.

**Табела 30**

| **Дали и колку често луѓето од вашето маало / населба се здружуваат, односно се ОРГАНИЗИРААТ ЗА ДА ГО ПОДОБРАТ МААЛОТО / НАСЕЛБАТА** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Да, луѓето од вашето маало / населба ПОСТОЈАНО се здружуваат, односно организираат. | 114 | 9,6 |
| Да, луѓето од вашето маало / населба ЧЕСТО се здружуваат, односно организираат. | 184 | 15,4 |
| Луѓето од вашето маало / населба РЕТКО се здружуваат, односно организираат. | 529 | 44,4 |
| Не, луѓето од вашето маало / населба НИКОГАШ не се здружуваат, односно организираат. | 365 | 30,6 |
| Вкупно | 1.192 | 100,0 |

Перцепциите за организираност во населбата се разликуваат според местото на живеење и иако преовладува одговорот дека соседите ретко се организираат, без оглед на местото на живеење, значително поголем процент од жителите на селата (12,3%) procенilе дека нивните соседи постојано се организираат, во споредба со жителите на Скопје (5,4%).

**Табела 31**

| **Дали и колку често луѓето од вашиот град / село се здружуваат, односно организираат за да го подобрат градот / селото?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Да, луѓето од вашиот град / село ПОСТОЈАНО се здружуваат, односно организираат. | 112 | 9,7 |
| Да, луѓето од вашиот град / село ЧЕСТО се здружуваат, односно организираат. | 184 | 16,0 |
| Луѓето од вашиот град / село РЕТКО се здружуваат, односно организираат. | 618 | 53,6 |
| Не, луѓето од вашиот град / село НИКОГАШ не се здружуваат, односно организираат. | 238 | 20,7 |
| Вкупно | 1.152 | 100,0 |

Резултатите се слични и кога станува збор за селата или градовите во кои живеат испитаниците. Секој втор (53,6%) испитаник рекол дека сограѓаните ретко се организираат, додека секој десетти (9,7%) е уверен дека постојано се организираат. Сепак, може да се забележи дека процентот на испитаници што сметаат дека луѓето од нивната заедница никогаш не се здружуваат е намален, во споредба со претходното прашање (20,7%, наспроти 30,6%).

**Табела 32**

| **А, генерално, во Македонија? Дали граѓаните во Македонија често учествуваат во ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ за општо добро?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Граѓаните во Македонија ПОСТОЈАНО учествуваат во граѓански иницијативи. | 119 | 10,6 |
| Граѓаните во Македонија ЧЕСТО учествуваат во граѓански иницијативи. | 237 | 21,1 |
| Граѓаните во Македонија РЕТКО учествуваат во граѓански иницијативи. | 634 | 56,4 |
| Граѓаните во Македонија НИКОГАШ не учествуваат во граѓански иницијативи. | 135 | 12,0 |
| Вкупно | 1.215 | 100,0 |

Последното прашање од оваа серија се однесува на граѓански иницијативи што се организираат на ниво на држава. Разликите во одговорите со претходното прашање повторно се мали, што укажува на тоа дека граѓаните немаат диференцирана слика за здружувањето на локално и на национално ниво или дека, според нив, не постојат разлики во организираноста на микрониво и на макрониво од заедницата. Повеќе од една половина (56,4%) од испитаниците рекле дека во Македонија ретко се случуваат граѓански иницијативи, а само 10,6% сметаат дека граѓаните постојано учествуваат во иницијативи за општо добро. Мала, но значајна разлика во одговорите може да се заклучи врз основа на статусот на пазарот на труд и, според просечните процени, невработените (во споредба со вработените) ги перцепираат своите сограѓани како поангажирани.

Очекувано, постои значителна поврзност меѓу проценките за организираноста на сограѓаните од своето маало, град / село и држава. На пример, повеќето (53,7%) од тие што сметаат дека нивните сограѓани во маалото постојано се организираат, исто така, мислат дека нивните сограѓани на ниво на град постојано се организираат. Дополнително, повеќето (41,6%) од тие што сметаат дека организираноста на ниво на град е постојана, исто така, сметаат дека сограѓаните постојано се организираат за иницијативи за општо добро во Македонија.

*Доверба во заедницата*

Последната серија прашања од овој дел се однесуваше на перцепциите на испитаниците за луѓето со кои се во заедница, т.е. поконкретно на тоа дали постои доверба и солидарност меѓу луѓето на локално ниво.

Со првото прашање од испитаниците побаравме да размислат за довербата што ја имаат во своите соседи и да одговорат дали можат да им веруваат на соседите или, пак, очекуваат дека тие би ги искористиле кога би имале таква шанса. Приближно ист процент граѓани им веруваат (41,5%) и не им веруваат (46,2%) на своите сограѓани, иако за малку, сепак, преовладуваат тие што сметаат дека нивните соседи би ги искористиле доколку им се укаже можност.

**Табела 33**

| **Кога размислувате за вашето маало и за вашите соседи и за довербата што ја имате во нив, дали би рекле дека...** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| На повеќето од вашите соседи може да им се верува. | 494 | 41,5 |
| Доколку би имале можност, повеќето од нив би ве искористиле. | 550 | 46,2 |
| Спонтано – 50/50 | 146 | 12,3 |
| Вкупно | 1.190 | 100,0 |

Довербата во соседите се разликува според степенот на образование, етничката припадност, местото на живеење и висината на приходот. Најголемите разлики кај ова прашање беа констатирани врз основа на етничка припадност, па така повеќе од една половина од албанските испитаници (56,2%) сметаат дека може да им се верува на нивните соседи, во споредба со само малку повеќе од една третина од македонските испитаници (38,2%). Околу една половина од лицата со основно (53,5%) и со средно (48,8%) образование веруваат дека, доколу би имале можност, соседите би ги искористиле, додека најголем дел од лицата со високо образование (46,8%) им веруваат на своите соседи. Жителите на помалите градови и на селата се поскептични, па така, на пример, една половина (50,8%) од селаните веруваат дека соседите би ги искористиле, додека ваквата перцепција ја имаат малку повеќе од една третина (38,3%) од жителите на Скопје. Исто така, речиси една половина (51,9%) од лицата со повисоки приходи од 20.000 денари се уверени дека на соседите може да им се верува, додека најголем дел или околу една половина (во просек, 49,8%) од лицата со пониски приходи од 15.000 денари сметаат дека повеќето соседи би ги искористиле доколку имаат можност. Споредбата по региони упатува дека најчесто на соседите им веруваат жителите на полошкиот регион од кои повеќе од една половина (54,8%) веруваат дека може да им се верува на соседите.

Следното прашање конкретно ја операционализираше премисата од претходното прашање, па така од испитаниците побаравме да оценат дали луѓето од нивното маало или населба се солидарни, односно колку си помагаат еден на друг. И кај ова прашање наидовме на голема поделеност во одговорите, но, сепак, вреди да се издвои дека само 8,6% сметаат дека луѓето од нивната заедница никогаш не си помагаат едни на други, што укажува на многу помал цинизам кај испитаниците, отколку што можеше да се увиди во претходното прашање. Иако една половина (49,3%) од испитаниците сметаат дека соседите ретко си помагаат едни со други, вкупно 42,1% сметаат дека соседите си помагаат често или цело време. Овој податок е многу важен кога станува збор за потенцијалот за граѓанско учество кај граѓаните поради тоа што очекуваната поддршка од соседите, конкретн,о и од заедницата, воопшто, може да биде клучен фактор во одлуката на граѓаните да почнат некаква локална иницијатива за подобрување на средината во која живеат или да учествуваат во таква иницијатива.

**Табела 34**

| **А дали сметате дека луѓето од вашето маало се солидарни, односно си помагаат еден на друг?** | Фреквенции | % |
|---|---|---|
| Цело време си помагаат. | 138 | 12,0 |
| Често си помагаат. | 345 | 30,1 |
| Ретко си помагаат. | 565 | 49,3 |
| Никогаш не си помагаат. | 99 | 8,6 |
| Вкупно | 1.147 | 100,0 |

И во однос на перцепциите за солидарност, најголема разлика постои врз основа на етничката припадност. Образецот е сличен како и на претходното прашање, во просек Албанците дале повисока оценка за зачестеноста со која си помагаат со своите соседи. За илустрација, секој четврти (25,3%) испитаник Албанец е уверен дека неговите соседи цело време си помагаат, додека ваквата процена се среќава кај помалку од една десеттина (8,9%) од Македонците. Доследно на ова, една половина од Македонците (53,7%) рекле дека луѓето ретко си помагаат, наспроти помалку од една третина (31,7%) од Албанците.

Совпаѓање со наодите од претходното прашање е забележливо и од споредбите по региони и жителите на полошкиот регион повторно се најоптимистички настроени - збирот на тие што веруваат дека соседите често или цело време си помагаат изнесува малку повеќе од една половина (57,1%) од вкупниот број испитаници од овој регион (за споредба, 42% на ниво на цел примерок избрале некој од овие два одговора).

# Анекс I. Протокол и примерок

Истражувањето е спроведено на случаен примерокво две фази, преку телефонско асистирано интервју (CATI). Првата фаза се состоеше од обична, случајна селекција, додека во втората се воведе и стратификација по четири параметри (пол, возраст, етничка припадност и регион) за да се постигне приближна репрезентативност на примерокот со генералната популација на Р. Македонија. Примерокот е подготвен користејќи ги податоците од Државниот завод за статистика (попис на населението од 2002 година и последната достапна процена на населението од 31.12.2014 година) за популација повозрасна од 15 години. Истражувањето беше спроведено од 22 јули до 8 октомври 2015 година, со пауза поради летните одмори од 1 август до 1 септември.

**Примерок:** Примерокот се состои од 1.215 испитаници од кои 613 (50,5%) женски и 602 (49,5%) машки испитаници на возраст од 16 до 66 години. Просечната возраст изнесува 41 години, а поделени по возрасни категории, 21,7% од испитаниците се на возраст 16-26 години, 22% се на возраст 27-36 години, 19,6% се на возраст 37-46 години, 19,9% се на возраст 47-56 години и 16,8% се на возраст 57-66 години. Анализите во однос на испитуваните варијабли, според возраста, се правени меѓу испитаниците до 30 години, кои во примерокот се застапени со 27,4% (или 333 испитаници) и тие што се постари од 30 години, кои зафаќаат 72,6% од примерокот (или 882 испитаници). Во извештајот двете возрасни групи се именувани како „млади“ и „стари“ испитаници.

Анкетата ги вклучи сите региони од државата: најголем број од испитаниците се од скопскиот регион 32,7%, по што следуваат 13,3% од полошкиот регион, 12% од пелагонискиот, 10,2% од југозападниот, 8,4% од југоисточниот, 8,3% од североисточниот, 7,7% од вардарскиот, а во најмал број, односно 7,3% од источниот регион. Овие квоти се приближно репрезентативни за генералната популација од 16 до 66 години. Испитаниците во најголем број 44,6% живеат во поголеми градови, по што се тие што живеат во руралните средини 30,3%, , а секој петти испитаник живее во главниот град Скопје 25,1%.

**Образовната структура на испитаниците** е следна: 16 испитаници (1,3%) немаат завршено ниту основно образование, а 13,2% имаат завршено само основно образование. Повеќе од една половина од испитаниците се со завршено средно образование 53,7%. Останатите 31,8% од испитаниците имаат завршено најмалку високо образование, од кои 4%имаат завршено постдипломски, докторски и специјализирачки студии.

**Табела 35**

| Образование | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Нема формално образование. | 16 | 1.3 |
| Завршено основно образование. | 160 | 13.2 |
| Завршено средно образование. | 653 | 53.7 |
| Завршен факултет (вклучително и виша школа). | 338 | 27.8 |
| Завршени постдипломски студии, докторат или специјализација. | 48 | 4 |
| Вкупно | 1.120 | 100.0 |

**Етничка структура:** Најголем број од испитаниците се изјаснија како етнички Македонци 75,2%, 15,6% како етнички Албанци и 9,1% со друга етничка припадност. Само четворица испитаници не ја искажаа својата етничка припадност.

**Статус на пазарот на труд и економска моќ:** И покрај тоа што примерокот е на примарна возраст за работната сила, само 52,9% од испитаниците се изјасниле дека имаат платена работа, без разлика дали се официјално пријавени или не. Останатите 46,8% се изјасниле дека не работат, а тројца испитаници одбија да одговорат на ова прашање. Од тие што работат, најголем дел 75,7% работат за друг, односно се вработени, додека една четвртина, или 24,3% се самовработени. Примањата на испитаниците се прикажани во табела 36. Како што може да се види од табелата, просечните примања на македонските работници се ниски, каде што 40,5% земаат помалку од 10.000 денари, а високи 58,1% помалку од 15.000 денари месечно.

**Табела 36**

| **Месечни примања** | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| до 5.000 ден. | 286 | 23,5 |
| од 5.000 до 10.000 ден. | 206 | 17,0 |
| од 10.000 до 15.000 ден. | 214 | 17,6 |
| од 15.000 до 20.000 ден. | 145 | 11,9 |
| од 20.000 до 25.000 ден. | 93 | 7,7 |
| од 25.000 до 30.000 ден.. | 44 | 3,6 |
| од 30.000 до 35.000 ден | 18 | 1,5 |
| од 35.000 до 40.000 ден | 4 | 0,3 |
| над 40.000 ден | 25 | 2,1 |
| Не знае/ Одбива | 180 | 14,8 |
| Вкупно | 1.215 | 100,0 |

## Ниво на значајност

Сите коментирани разлики во извештајот се значајни на ниво α = 95%. Ова значи дека веројатноста за опсервирање на добиените или поголеми разлики е помала од $p < ,05$ ако разликите се резултат на грешка на мострење.